# ПОЛИТИКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Макстил АД-Скопје, земајќи ги во предвид внатрешните и надворешните фактори како и барањата и очекувањата на релевантните заинтересирани страни, во процесот на производство на сопствен челичен полуфабрикат (слабови) и финални челични производи (топловалани дебели лимови) се обврзува во целост да ја спроведува политиката за животна средина која претставува рамка за воспоставување на целите за животна средина.

Поаѓајќи од производните активности и производниот асортиман, Макстил АД-Скопје ги идентификува клучните влијанија врз животната средина, заради:

- користење на енергија, вода, суровини и помошни материјали;
- создавање на отпад;
- емисии во воздух и вода;
- транспорт и
- набавки.

За минимизирање на влијанието врз животната средина, Макстил АД-Скопје воспоставува цели за животна средина, кои ќе бидат предмет на постојано преиспитување и подобрување, реализирајќи ги со заложби за:

- зачувување на здрава животна средина и спречување на евентуални негативни влијанија врз животната средина и здравјето на луѓето;
- почитување на важечките законски прописи и други регулативи;
- целосна усогласеност со барањата на стандардот ISO 14001 и континуирано унапредување на ефикасноста на системот за животна средина;
- максимално искористување на влезните суровини и материјали и рециклирање на отпадот;
- рационално и ефикасно користење на материјалите и природните ресурси;
- почитување на еколошките и етички императиви при донесувањето на одлуки за инвестициони вложувања;
- перманентна едукација на вработените за добри еколошки практики и мотивирање за вклучување во акции за заштита на животната средина;
- континуирано следење на влијанието врз животната средина од производните процеси.

Со вака дефинирана стратегија Макстил АД-Скопје ќе обезбедува стабилен и одржлив развој, конкурентност, ефикасност и сигурност при обавувањето на својата деловна активност, со целосна одговорност на раководството и сите вработени дека ќе ја спроведуваат политиката и целите за животната средина, како и одлуките за подобрување на ефикасноста на системот за заштита на животната средина.

***Издание 2***
**Јули 2016**

**ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОР**
**Иван Бановски**